Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 318/1
Датум: 24-03-2025

По претставката бр. 08 – 759/1 од 10.12.2024 година, поднесена од [redacted] во име на неговиот малолетен син против ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски", за заштита од дискриминација во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 759/1 од 10.12.2024 година, поднесена од [redacted] во име на неговиот малолетен син против ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски", за заштита од дискриминација во областа на образованието, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 10.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа на образованието, од страна на [redacted] во име на неговиот малолетен син против ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски".

Со претставката се адресира непреземање/ненавремено и несоодветно преземање на дејствија во врска со справување со врсничко насилство од страна на училиштето ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" кон ученикот, жртва на врсничко насилство. Во претставка не беше потенцирано за кој ученик станува збор, ниту дали ваквите дејствија се поврзани со заштитна карактеристика на ученикот.

Поради нејасни и нецелосни податоци изнесени во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на адресата наведена во претставката, како и на електронската адреса на подносителот. Првиот обид за поштенска достава на адресата наведена во претставката беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „известен, не побарал". Од таа причина Комисијата направи втор обид за поштенска достава и електронска достава на електронската адреса наведена во претставката, кои беа успешни.

Имајќи предвид дека претставката не содржи доволно информации за постапување, а подносителот не ја доуреди во законски предвидениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 759/1 од 10.12.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]